МЛАДИТЕ МОЖАТ

НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

2019

YOUTHCAN.ORG.MK

СОДРЖИНА

Проект: Младински локални иницијативи 1

Проект: YOU(th) CAN DO IT BETTER! 5

Проект: Младински лидерски иницијативи vol.4 7

Проект: Млади на иста фрекфенција 10

Проект: Кариерен пат – Направи го првиот чекор 12

МОБИЛНОСТИ ЗА МЛАДИ 18

АКТИВНОСТИ ОД АКТИВНОТО ЧЛЕНСТВО НА МЛАДИТЕ МОЖАТ 25

Младите можат во мрежи 30

10 години Младите можат 31

Годишно собрание на Младите можат 32

Листа на активни членови на Младите можат во 2019 година 33

Активни членови

58

52

Млади испратени на еразмус + проекти

Јавни настани

5

36

Спроведени работилници

Спроведени младински иницијативи

9

2

Испратени ЕВС волонтери

ПРОЕКТ
МЛАДИНСКИ ЛОКАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ

Од септември, 2018та г. Младите можат почна да имплементира уште еден едногодишен проект во рамките на организацијата, кој продолжи со имплементација и во 2019г. Преку овој проект беа идентификувани младинските потреби и предизвици на локално ниво и ги инспириравме младите да станат активни граѓани, по што тие делуваа на адресирање и решавање на истите.

Општа цел на проектот е да се зајакне демократскиот дух кај младите луѓе преку младинско учество и младински активизам во две општини во Македонија (о. Кочани и о.Велес).

Проектот се состои од два сегменти:

Истражување за потребите и предизвиците со кои младите луѓе во Кочани и Велес се соочуваат

Градење на капацитети на млади и имплементација на младински локални иницијативи за застапување

Градење на капацитети на учесниците (Две дводневни обуки во март) - Во оваа фаза, учесниците присуствува на два модули од обуки на кои стекнаа вештини за тимско работење и лидерство, проектно планирање и детектирање локални проблеми.

Имплементација на 2 локални иницијативи (во периодот април-јуни)

Стекнатите знаења и вештини од првата фаза учесниците ги употребија во фазата на имплементиција на иницијативите. Патем, се запознаа со начинот на функционирање на општината и претставници од локалната власт. Преку учество во програмата, учесниците имаа шанса да развијат вештини, да стекнат ново искуство, да запознаат претставници од локалната власт, да влијаат на начините на носење одлуки и да бидат идната генерација на млади агенти коишто ќе го направат светот подобро место за живеење.

Во текот на последниот месец од спроведувањето на проектот, беа организирани два завршни настани, еден во Велес и еден во Кочани, по успешното спроведување на локалните иницијативи. И двата настани беа од помал обем, во релаксирана атмосфера во локално кафуле, со цел учесниците да го споделат своето искуство и да разговараат за нивни идни активности.

„Младински локални иницијативи“ е проект кој Здружението на граѓани Младите можат го имплементира, а поддржан од Здружение за едукација Младиинфо Интернационал преку проектот “Youth Banks Hub for Western Balkans and Turkey”. Проектот “Youth Banks Hub for Western Balkans and Turkey” е финансиран од страна на Европска Унија и спроведуван од страна на 5 организации од регионот (Mladiinfo International од Македонија, Fondacija Ana I Vlade Divac од Србија, NVO Prima од Црна гора, Partners Albania од Албанија и Community Volunteers Foundation од Турција).

Младински локални иницијативи во Велес и Кочани

Локална иницијатива „Биди промената“ во Велес:

Тимот во Велес спроведе четири големи настани и вклучија повеќе од 200 луѓе како учесници, инспирирајќи ги да волонтираат и да учествуваат во младински проекти.

1. “Нашата волонтерска приказна” – одбележување на денот на Европската Унија (9ти мај)
2. Работилница “Една идеја – една цел” за детектирање на предизвици и развој на младински идеи
3. Филмска активистичка вечер во Велес
4. “Локален активизам преку уличен АРТИВИЗАМ” - настан за реновирање на младинскиот дом на граѓански организации во Велес

Локална иницијатива “Обединети со различностите” во Кочани:

Нивната иницијатива беше посветена на отстранување на бариерите и намалување на говорот на омраза и насилството помеѓу младите, преку промовирање на разбирање и заедништво меѓу врсниците.

1. Младински пикник за дружење и соживот
2. “Плати кафе со поезија” за поттикнување на уметноста и изразувањето
3. Ораторска вечер
4. Младински фудбалски натпревар “Обединети со различностите”



ПРОЕКТ
YOU(TH) CAN DO IT BETTER!

Проектот “YOU(th) CAN DO IT BETTER!”со својот уникатен и систематски пристап беше посветен на промовирање на важноста за грижа за менталното здравје помеѓу младите средношколци. Целта на проектот е да им понуди на младите платформа за личен и професионален развој, себеспознавање, себереализација и станување на најдобрата верзија од себеси. Да им овозможи да станат способни и решителни млади луѓе кои се справуваат со секојдневните предизвици со кои животот не напаѓа, да се развијат во агенти на позитивни промени, односно да станат врснички едукатори кои гласно ќе зборуваат за важноста на негувањето на нашето ментално здравје.

„Идентификувај → Инспирирај → Делувај“ – пристап кон младинските проблеми по кој Младите можат е позната и на основа на кој до сега се имплементирани голем број успешни проекти. Во текот на цела 2019та година Младите можат го реализираше проектот “YOU(th) CAN DO IT BETTER!” посветен на промовирање на важноста за грижа за менталното здравје помеѓу младите средношколци во градот Скопје. Преку овој проект најпрво ги инспирираме младите да се грижат за своето ментално здравје, ги идентификуваме младинските потреби и предизвици поврзани со менталното здравје на средношколците, по што ќе се делува на адресирање кај соодветните чинители и нивно надминување.

Младите можат влијаеше на овој предизвик преку неколку активности:

1 Подготовка и спроведување на програмата за личен развој - 20 активни членови на Младите можат учествуваа на шест модули на работилници за личен и професионален развој во период од два месеци и стекнаа вештини за нивно развивање во врснички едукатори за ментално здравје

2 Креирање на база на ментори на Младите можат и развој на вештини за менторирање на индивидуи и тимови во којашто учествуваа 8 млади луѓе

3 Истражување "Перцепции и ставови на младите луѓе поврзани со менталното здравје" Непостоењето на релевантни податоци за состојбите на младите поврзани со нивното ментално здравје, ја поттикна потребата да се добијат конкретни податоци на оваа досега неистражена тема, коишто беа основа при креирање на програми за средношколците коишто ќе ја актуелизираат темата, ќе ги разбијат стереотипите и ќе ги поттикнат младите да го негуваат своето ментално здравје. Во таа насока, Здружение на граѓани Младите можат, спроведе истражување на територијата на град Скопје, во периодот април – мај 2019 година, користејќи квантитативен пристап преку спроведување на теренски анкети.

4 Имплементација на камп за ментално здравје – Од 19-ти до 23-ти јуни се спроведе камп за ментално здравје во планинарскиот дом Вртешка со 16 учесници на програмата. Беа користени различни методи за изготвување на содржината на првиот прирачник за врсничка едукација за ментално здравје.

5 Имплементација на програма за врсничка едукација за ментално здравје. Од септември до крајот на декември сите обучени врснички едукатори ја спроведуваа програмата во 4 средни училишта од Скопје. Програмата се засноваше на креиран прирачник за врсничка едукација за ментално здравје, кој се состоеше од 4 области: „Ментално здравје"; "Грижа за себе"; „Врски и односи" и „Поддршка и каде можам да ја најдам?".

***Проектот** "YOU(th) CAN DO IT BETTER!" **е имплементиран од Здружение на граѓани Младите можат, а поддржан од најголемата германска фондација за млади** Schuler Helfen Leben.*

ПРОЕКТ

МЛАДИНСКИ ЛИДЕРСКИ ИНИЦИЈАТИВИ VOL.4

Четврта година по ред, една од редот на успешните приказни на Младите можат продолжи да се реализира. “Младински лидерски иницијативи”, еден од најинспиративните проекти на Младите можат, се спроведе во периодот од јуни до декември 2019г. Целта на проектот беше да се поттикнат младите луѓе во Македонија да бидат свесни за својот лидерски потенцијал, да станат активни граѓани во својата заедница, да детектираат предизвици во истите и преку здружено делување да креираат акции за нивно решавање и подобрување на општеството.

Проектот беше составен од две фази:

7-дневен Лидерски Камп

Интензивна и уникатна програма наменета за 20 млади луѓе на возраст од 17 до 22 г. која се реализираше во месец август во одморалиштето Мајски цвет во Струга и која опфати индивидуални и групни сесии, лични и тимски вежби и предизвици, рефлексија и самоевалуација, како методи за развој на лидерски вештини.

Спроведување на три младински иницијативи (септември – декември 2019г.)

Сите учесници за време на кампот се поделија во три групи и детектираат општествени предизвици кои лично ги засегаат. За време од три месеци (февруари, март, април) тимовите ги имплементира иницијативите во насока на подобрување на општеството.

За време на целиот процес на спроведување на иницијативите, тимовите имаа поддршка од ментор. Токму со иницијативите новите идни лидери имаа шанса да искусат како е да се работи во тим и уште поважно, директно да бидат дел од промената која иницијално сакале да ја постигнат.

Иницијатива “КЛИК”

Иницијативата имаше за цел запознавање на младите со одредени прашања кои ги засегаат во секојдневниот живот. Тимот цврсто веруваше дека може да направи голем импакт во општеството и да ги мотивира младите со цел да се развијат и да направат промена пред сè кај самите себе, а потоа и во општеството.

Иницијатива “Пораснав, што сега?”

“Пораснав, што сега?” имаше за цел да ја покрене свеста околу потребата за кариерно насочување на младите при изборот на својата професија и образование.

Иницијатива “Youth impact”

Оваа иницијатива имаше идеја да ги мотивира младите луѓе за да направат импакт кон општеството.
преку оваа инцијатива тимот им покажа на младите младите дека тие се активниот дел од секое општество, и секој предизвик може да биде надминат од група на мотивирани млади луѓе.

Проектот оваа година беше поддржан од Civic Engagement Project-North Macedonia преку наградата за младинско учество која Младите можат ја доби во категоријата на граѓански оганизации.

ПРОЕКТ
МЛАДИ НА ИСТА ФРЕКФЕНЦИЈА

Во периодот јуни – декември 2019г. беше имплементиран проектот „Млади на иста фрекфенција“ кој има за цел подобрување на видливоста, транспарентноста и отчетноста на Здружение на граѓани Младите можат преку воспоставување на долготрајни механизми кои ќе овозможат зајакнување на организацијата во независен и влијателен актер во граѓанското општество.

Целите на овој проект се во корелација со една од поставените цели во годишниот акциски план на Младите можат која е посветена на вредности, принципи и одржливост при извршното работење. Со овој проект обезбедивме реализација на планираните активности, подготовка на стратегии, механизми и водичи кои беа усвоени од страна на Собранието на Младите можат и ќе се применуваат долгорочно во рамки на секој проект, програмска активност и генерално во работењето.

Целите на овој проект беа остварени во рамки на активности за градење на капацитетите на Извршната канцеларија и промовирање на организацијата во јавноста:

- Изработка на комуникациска стратегија
- Градење на капацитети за Извршна канцеларија и членство за транспарентно работење и видливост на активностите
- Креирање на 3 промотивни видеа за Младите можат
- Креирање на годишна стратегија за алтернативно финансирање на активностите на Младите можат
- Бележење на искуствата на Младите што можат
- Редовно годишно Собрание на Младите можат

Тоа што во рамки на овој проект најголем дел од резултатите се во форма на документи, стратегии и водичи е доволен индикатор за влијанието кое истите ќе го имаат на извршното работење без оглед на тоа кои индивидуи ја сочинуваат извршната канцеларија.

Овој проект е дел од програмата „Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓански организации“ која ја спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и Центарот за информирање, соработка и развој на граѓанските организации од Словенија (ЦНВОС).

ПРОЕКТ
КАРИЕРЕН ПАТ – НАПРАВИ ГО ПРВИОТ ЧЕКОР

Избирањето на насока за кариера е патување за цел живот со можност за неколку промени бидејќи со него доаѓаат доста можности и настани. Некои луѓе на мала возраст знаат што е тоа што сакат да го работат; некои никогаш не се сигурни дека ја работат вистинската работа. За секој поединец, пронаоѓањето на вистинската кариера е процес на обиди и грешки кој почнува со идеја и бара многу истражување низ тоа патешествие.

Генералната цел на овој проект е младите во Македонија да се мотивирани да го пронајдат своето поле на интерес и делување и да ја креираат сопствената иднина со тоа што се решителни и способни да ги остварат своите цели и соништа на личен и на професионален план во насока на кариерата која сакаат да ја имаат.

Целта на проектот е да се развие разбирање на потребите, интересите, вредностите, талентите и претензиите во поглед на образование, вештини, вработливост и работа на повеќе од 420 млади од Скопје во период од 8 месеци преку три големи активности:

Младите а особено средношколците и студентите се изложени на прашањето на кариера, мотивација и постојатно го бараат одговорот на овие прашања. Со овој проект дадовме шанса на 20 средношколци да поминат низ интензивна програма од 4 дводневни обуки за кариерно советување.
200 млади дознаа за можностите кои 22 факултети при Универзитетот Кирил и Методиј ги нуди на своите програми за студирање со посетувањето на јавниот настан „Запознај го УКИМ“. „Мотивациски викенд“ е јавниот настан на кој 200 млади слушнаа успешни приказни на говорници и се мотивираа да работат на својот личен развој преку посета на некои од работилниците на настанот.

Проектот „Кариерен пат: Направи го првиот чекор“ беше имплементиран од Младите можат и поддржан од Агенција за млади и спорт.

ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
FACULTY OF CIVIL ENGINEERING
SKOPJE

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАѓАНИ
МЛАДИТЕ МОЖАТ

ЗАПОЗНАЈ ГО УКИМ

На 02 ноември се дружевме со повеќе од 150 средношколци запознавајќи ги факултетите при Универзитетот Св. Кирил и Методиј. Демонстрации и експерименти беа дел од инфо штандовите на 16те факултети кои се претставија во аулата на Филозофскиот факултет додека пак истовремено во 2 амфитеатри се претставуваа програмите за студирање на факултетите. Средношколците имаа можност одблиску да се запонзаат со студиските програми кои факултетите ги нудат како и да ги постават сите прашања кои ги имаат до професорите и студентите се со цел донесување на полесна одлука за Високото образование. Дополнително, средношколците можеа да се информираат повеќе за нивниот кариерен пат преку прашалниците на Асоцијацијата на советници за кариерен развој.

МОТИВАЦИСКИ ВИКЕНД 6

6ти по ред, традиционален Мотивациски викенд – Викенд наменет за мотивација, инспирација, вмрежување, поттик и успех. 8ми и 9ти ноември, 2019та година беа двата дена наменети токму за овој настан, а салата Империјал во Македонската опера и балет повторно беше жариште каде повеќе од 150 млади имаа можност да го почувствуваат нерамномерниот, динамичен пулс на мотивацијата.

Целта на Мотивациски викенд уште од неговата прва реализација е да ги мотивира младите да работат на себе, на приватен и професионален план, преку успешни луѓе кои ја споделуваат својата приказна за досегашните успеси и падови и работилници за личен и професионален развој. И оваа година одржавме викенд исполнет со инспиративни говори, корисни и интерактивни работилници, со млади кои сигурно чекорат по патот кон успех и себереализација и со забрзан мотивациски пулс како никогаш до сега. На првиот ден од Мотивациски викенд 6 на сцената излегоа:

Петар Лазаров, ко-сопственик на Македонија експорт и автор на книгата Tip of the week

Антонио Кузмановски, сопственик на Вебглајдерс и основач на When in X и When in Krusev

Аријана Коскарова, која се најде на новата листа „30 под 30" за 2019 година во Европа, креирана од магазинот Форбс.

Александра Пановска Илиевска, медиумско лице, радио водител и менаџер

Блаже Јосифовски, претседател на Ајде Македонија и активист во полето на заштита на животната средина

Младите покрај тоа што ги слушаа мотивациските говори учествува на една од двете симултани работилници согласно нивните интереси. Ива Дујак од Brand Union ги воведе во „Основите на блогирањето” , преку најразлични примери успеа да ги прикаже бенефитите од блогирањето и Иван Зографски од Solveo кој зборуваше за „Design thinking”.

Вториот ден од Мотивациски викенд 6 понуди подеднаква доза на мотивација со говорниците:
Д-р Владимир. Трајковиќ, професор на Финки
Д-р. Каролина Ристова-Астеруд, професор на правниот факултет „Јустинијан Први” при УКИМ
Блаже Аризанов, меѓународен претприемач, ко-основач на стартап-от StayUncle
Коста Караманолев, основач на бербер и бар – Вторник

Двете работилници кои присутните млади имаа можност да ги посетат беа: Ана Јовковска, ПР специјалист, новинар, комуниколог и активист, ги сподели нејзините знаења за „Техниките на говорење” и Фросина Полазаревска од Brainster која објасни кои работи влијаат за составување на едно издржано CV.

Мотивациски викенд 6 беше во рамки на проектот "Кариерен пат: Направи го првиот чекор", поддржан од Агенцијата за млади и спорт.

ERASMUS



EUROPEAN SOLIDARITY CORPS

МОБИЛНОСТ ЗА МЛАДИ

Семинар
“Solidarity Action day Movement in Europe”

Тимот на извршната канцеларија на Младите можат од 15.03.19 до 17.03.19 учествуваше на семинар организиран од мрежата SAME во Lubeck, Германија.

SAME е всушност кратенка за ‘Solidarity Action Day Movement in Europe’. Ова движење, започнато од неколку организации од различни земји од Европа, подразбира организирање на Ден на солидарноста (Solidarity Action Day). На овој ден средношколците, наместо да посетуваат редовна училиштна настава, се ангажираат и работат на одредена работна позиција. Нивната плата од тој ден го формира фондот кој понатаму овие организации го користат за поддршка на проекти за и од млади во целиот свет. Тимот на Младите можат преку овој семинар ги дозна искуствата и методите на мрежата SAME, организациите во неа и досегашните организирани денови на солидарноста. Преку многу работилници и дискусии ги разгледа можностите и условите за организирање на Ден на солидарноста во Македонија, а по семинарот ќе продолжи со соработка и комуникација со останатите организации кои се дел од оваа мрежа со цел да го доразвие концептот и да истражи како ова движење да го започне и на локално ниво.

Младинска размена УТОПИЈА

Во периодот од 9-26 Јули во Омен, Холандија се одржа за прв пат младинската размена "Utopia" организирана од страна на невладината организација Cherry International Foundation од Холандија. Целта на проектот беше учесниците да создадат своја утописка држава од темел.
Предизвиците со кои се соочија младите од Македонија, Грција, Романија, Унгарија, Португалија, Шпанија, Литванија и Италија, им овозможија да ја видат поголемата слика, и како секоја индивидуа може да допридонесе за подобро општество. На почетокот "утописката држава" е без струја, без топла вода, само два тоалети, без кревети, без кебиња, територија толку мала, што е распространета само во 2 соби, кои беа искористени за спиење во вреќи од страна на сите 45 учесници.

Со одминувањето на времето, заедничката работа на сите млади и одличното соочување со секојдневните предизвици државата беше доведена до највисоко ниво во кое што секој учесник имаше свој кревет, на располагање беа околу 10тина тоалети и територијата се прошири за дополнителни два спрата од куќата. Учесниците имаа можност преку outdoor experience делот на размената, да ја истражат Холандија подобро, и во рок од 6 дена секоја од групите посети по 5 градови.
Младинската размена "Utopia" е дел од Еразмус + програмата.

Младинска размена „Подеднакво различни“

Летото е период исполнет со безгрижно дружење, добра забава, но и на можности за мултикултурно учење. Летото е и нови можности за патување , запознавање на нови култури, религии и традиции.
Летото 2019година за 30 млади луѓе од Европа претставуваше една огромна авантура. На 6 мај 2019 година, беше објавен повик за интеркултурна младинска размена од страна на младинската организација ,Младите можат поддржана од Европската комисија од програмата Еразмус+. Младинската размена “Equally Different” траеше десет дена и се одржа во местото „De Weere”- Северна Холандија. Учесниците беа пречекани од страна на семејства – домаќини кои беа автентична можност за подобро запознавање со холандската култура.
Преку најразлични забавни работилници и тимски игри учесниците од трите земји – Република Грција, Холандија и Република Северна Македонија – успеаја меѓусебно да се запознаат и да развијат непосредна, отворена комуникација. Во заеднички поминатите денови тие ја споделуваа радоста и чувството дека пријателствата што ги стекнале ќе траат уште многу долго.

Тренинг

"The purpose project"

Иван (24) и Стефан (25) имаат само позитивни зборови за семинарот, почнувајќи од сместувањето, до учесниците, темата на курсот и прекрасните тренерки кои успеаја да изградат семејство од 26 членови од 8 земји за неполни 10 дена. На курсот, клучен акцент беше ставен на јапонскиот модел, IKIGAI, кој служи како водич при препознавање на своите пасии и спознавање на идната посакувана професија.

Преку интерактивни вежби, дискусија и многу други методи на неформална едукација, учесниците се стекнаа со вештини за да можат да го презентираат моделот на секој кој е заинтересиран. Па така, во месец Октомври, двајцата учесници во соработка со останати младински работници, во канцеларииите на Младите можат имаа можност да го пренесат нивното знаење и ќе пробаат да ја доловат електричната атмосфера која се чуствуваше на 10 дневното патување во Полска.

Младинска размена

„Media4You“

На почетокот на месец ноември се организираа6 интензивни денови на презентации и дебати за промовирање на коректно користење на медиумите кај младите.

Со задоволство можеме да нагласиме дека 66 учесници од 11 европски држави се собраа во Романија, Констанца во сабота, 27 октомври. Нивната цел беше да ги подобрат компетенциите за медиумска писменост на младите луѓе и да издадат предупредување за вестите што го окупираат Интернетот. Така да, за една недела учесниците од Грција, Турција, Словачка, Бугарија, Италија, Србија, Северна Македонија, Литванија, Германија, Хрватска и Романија спроведоа активности во затворен и отворен простор со заеднички цели: Да им помогнат на младите да ги користат медиумите мудро, да ги анализираат медиумските пораки , да ја тестираат својата веродостојност и подобрување на нивното критичко размислување.

Тренинг

“Inspire social inovation”

Како младински работник постојано треба да ги следиш новите трендови на младите, да си запознаен со интересите кои ги имаат, да ги следиш новостите во светот и секако да ги информираш и нив за истите. Еден од предизвиците што ги има младинската работа денеска е како активностите што ги креираме за нив, но и тие што самите ги спроведуваат, да бидат одржливи, достапни и корисни за општеството. Токму таа тематика беше опфатена на Еразмус+ проектот во Слетерстанд, Данска кој се одржа на крајот на ноември 2019 година, организиран од локалната организација која дејствува европски – Inter College. Тренерите умешно ги пренесоа принципите и идеалите на Европската унија и претставија алатки на располагање кои ни помагаат во развивање на креативниот и иновативниот процес на нас, младинските работници. Темите кои беа опфатени, а се дел од секојдневието на секој младински работник беа: лидерство, поставување на цели и ефективно планирање, решавање на проблеми, коучинг, справување со тимска динамика, иновација и граѓанско учество. Сите овие иако поставени засебно, се неодвоиливи едно од друго во работата со млади, а таа атмосфера беше постигната на самиот тренинг курс. Како? Преку користење и развивање на мапирање, бура на идеи, фокално размислување, менаџмент на време, активно слушање, рефлектирање, давање на конструктивни критики, поставување прашања, поттикнување на прашања, тактичка дипломатија, емоционална интелегенција и емпатија.

АКТИВНОСТИ НА ЧЛЕНСТВОТО НА МЛАДИТЕ МОЖАТ

Панел дискусија: Кариерно насочување преку концептот „Job Shadowing" | Иницијатива Umbra

На ден 05.06.2019 во просториите на Универзитетот за туризам и менаџмент се одржа настан од страна дел од активното членство на „Младите можат". Имено, настанот во прашање беше панел – дискусија на тема „Кариерно насочување преку концептот „job-shadowing"" и истата беше организирана од страна на членовите на тимот „Umbra", иницијативата за „job-shadowing". На панел – дискусијата беа проследени мислењата и искуствата во врска со темата на следните говорници:

Христина Рунчева, универзитетски професор
Ивана Маринчек и Радмила Живановиќ, психолози
Билјана Велевска, кариерен советник
Мартин Трајановски, графички дизајнер; понудувач на „job-shadowing" можности
Никола Гилев и Симеон Стојковски, ученици во средно училиште; учесници на „job-shadowing" можности.

Во улога на модератори се наоѓаа Бојана Стефаноска и Лука Шаровиќ, членови на тимот „Umbra". Панел – дискусијата беше проследена во најголем дел од средношколци, но и млади, заинтересирани за темата. Дел од заклучоците, кои се изведоа на крајот од дискусијата, вклучуваат потреба од самостојност при изборот на кариерата, потреба од способност за адаптација на променетите услови на пазарот на трудот, како и подготвеност за соочување со ситуација, каде знаењата стекнати при студиите се нерелевантни за кариерниот пат. Во однос на главниот концепт на панел – дискусијата, „job-shadowing", говорниците, кои споделија свое искуство со практиката, заклучија дека е добро помагало при изборот на идната кариера, како и при одредување на тоа дали личните претстави за таа кариера се поклопуваат со реалната слика или не.

Инфо сесии за "Job shadowing" на тимот Umbra

На 22.04 2019, се одржаа 4 инфо сесии во следниве средни училишта: "СОУ Георги Димитров", "СОУ Јосип Броз – Тито" и "СОУ Гимназија Раде Јовчески – Корчагин". За време на сесиите се дискутираше за концептот на "job shadowing" во склоп на темата за кариерна ориентација во која учениците покажаа голем интерес и веднаш ја сфатиле суштината и ефикасноста на "job shadowing".Заклучоците од самите сесии беа дека овој метод може многу да им помогне во иднина за градење на нивната кариера и дека може многу да се развие конкретно кај нас. Тимот за кариерно насочување од Младите Можат беа многу задоволни од богатата дискусија што ја водеа со учениците од средните училишта, како и од самата заинтересираност што ја покажаа. Иако сите сесии беа навистина успешни, сепак најмногу заинтересираност сесиите произлезе од учениците од Корчагин кои навистина се покажаа како големи ентузијасти желни за почеток на имплементирање на методот job shadowing.

#GoNuts | Дискусија за ментална култура |Иницијатива за ментално здравје

на 10ти април, 2019 г. со многу позитивна енергија и добро расположение во Цреша бар се одржа првиот настан организиран од тимот за Ментално здравје на активното членство на Младите можат – #GoNuts [Дискусија за ментална култура]. Настанот започна со вовед во менталната култура од страна на Проф. д-р Орхидеја Шурбановска – професор на Институт за психологија на Филозофскиот факултет во Скопје и Светлана Аспровска-Тодорович – психолог во средното училиште "Георги Димитров" во Скопје. Предавањето беше проследено со одговарање на анонимните прашања кои ги поставија присутните. Тимот им благодари на посетеноста и вниманието на присутните млади како и на стручните лица за големата помош. Сето ова заедно предизвика уште поголема мотивација да се работи повеќе во наредниот период и да го направиме следниот чекор кон промената

Работилница: Зашиј си ги фармерките, плати сиги сметките!

На 17.11.2019 во MladiHub, 6 супер-ентузијастични членови на Младите можат со големо задоволство ги учеа своите врсници на значајни работи од секојдневието, особено домаќинството, кои се потребни за нивна самостојност како адолесценти. Работилницата започна со краток, но интересен и информативен квиз за трикови од секојдневието, но и корисни работи кои се важни за секој кој како млад сака да владее во кругот на домаќинството, за секој кој сака да се спаси од маслата од ѓубрето, да препознае дали батеријата сеуште му функционира или да најде спас за непрекинливото икање. Шиеја копчиња, пеглаа и се пакуваа за пат, превржуваа рана и научија кои се најнеопходните лекови како и нивното значење, дури и вежбаа како да пополнат CV и уплатници кога ќе им биде потребно. ХЕРА Млади им излегоа во пресрет и им овозможија да посветат време и на сексуалниот живот на младите со тоа што им обезбедија презервативи и кратка едукација за употреба на истите.

„Откриј си го местото во светот на волонтерството!“

На 01.06.2019 во просториите на СУГС Орце Николов се одржа настан во рамки на иницијативата "Не се фолирај, волонтирај!", спроведена од 8 активни членови на Младите Можат. Настанот, "Откриј си го местото во светот на волонтерството!", успеа да допре до голем број средношколци, кои во неколкучасовната програма имаа можност подобро да ја запознаат втората страна на образованието, неформалното образование и волонтерството. Најпрво, слушнавме две интересни приказни од двајца искусни волонтери, Оливер Андреевски (Центар за младински активизам Крик) и Deb Wakefield (Peace Corps North Macedonia), кои зборуваа за нивното повеќегодишно искуство како волонтери и со нас споделија дел од нивните лични највпечатливи моменти. Следно, се одвиваа работилници заедно со ХЕРА Млади и Црвен Крст кои успеаа на младите да им отворат нови погледи и да ги научат на нешто ново, зборувајќи за насилството во училиштата и правејќи вежби за прва помош. На крај, делот кој сите со нетрпение го очекуваа, team-building игрите! Учесниците учествуваа во 3 игри, каде што запознаа нови луѓе со кои требаше да соработуваат и заедно да ги исполнат задачите на играта и имаа шанса да се запознаат со концептот на работа во тим.

МЛАДИТЕ МОЖАТ ВО МРЕЖИ



Национален младински совет на Македонија

Во Националниот младински совет на Македонија каде Младите можат е една од основачките-членкина мрежата, Младите можат беше дел од сите активности кои Националниот младински совет на Македонија ги спроведе.

Младите можат беше активна и во Сојузот за младинска работа кој оваа година започна да го реализира проектот „Квалитетна младинска работа: рамка за понатамошен развој на младинската работа“. Младите можат беа присутни и ја поддржуваа мрежата во текот на реализацијата на проектните активности.

Y-PEER

Во Македонија Y-PEER мрежата постои од 2002 година и делува во насока на подобрување на сексуалното и репродуктивното здравје на младите и застапување на нивните права, вклучување на младите во процесите на донесување одлуки и активно застапување и промоција поврзана со Целите за одржлив развој (SDGs) и Агендата 2030 на Обединетите нации. Во текот на 2019 г. Младите можат со поддршка на Y-PEER го креираше првиот прирачник за врсничка едукација за ментално здравје.

Во 2019година, Младите можат заедно со уште 6 граѓански организации беше дел од процесот на основање на неформалнатаМрежа за спречување на одлив на мозоци.
Целта на мрежата е да ја подигне свеста кај институциите и граѓаните за заминувањето на младите од земјата, како и да предлага мерки и решенија за спречување на овој феномен.

10 ГОДИНИ МЛАДИТЕ МОЖАТ

Со многу радост, насмеани лица и драги луѓе околу нас во 2019 година ја прославивме и 10ката од постоењето на нашата и ваша Младите можат! Со добра музика, многу убави спомени, многу млади, но и дел од оние кои придонеле многу во тоа што Младите можат е денес го одбележавме нашето постоење! Сите заедно посакавме да ни следуваат уште многу години полни успеси, позитивни промени, успешни приказни и активни, силни, независни и решителни млади околу нас!





ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИТЕ МОЖАТ

На 16.11.2019година го одржавме редовното годишно Собрание на Младите можат. Многу раце кренати во воздух, многу коментари, прашања, гласови и ставови за клучни прашања поврзани со работата на организацијата во изминатата година, стратешкиот план кој претходно беше креиран за наредните 5 години (2020 - 2024), како и за она што најмногу ги засега нашите делегати - структурата и програмите на членството за годината која доаѓа. Во одлична позитивна работна атмосфера практикувавме демократија, критичко размислување и аргументирано изразување во МладиХаб.Овогодишното Собрание на Младите можат беше во рамки на проектот „Млади на иста фреквенција“, поддржан од Македонскиот центар за меѓународна соработка.

ЛИСТА НА АКТИВНИ ЧЛЕНОВИ НА МЛАДИТЕ МОЖАТ ВО 2019 ГОДИНА:

Дарко Ташков
Никица Манџуковски
Јана Христовска
Филип Наумовски
Тамара Митевска
Оливера Каменаровска
Леонтина Пауновска
Симеон Стојковски
Елена Пауноска
Стефани Петрова
Андреј Мазневски
Стефан Митиќ

Дамјан Ордановски
Гаја Смилевска
Владимир Поповски
Ана Ќупева
Александра Шолдова
Изабела Станоевска
Теа Стефановска
Никола Гилев
Бојана Стефаноска
Николија Јакимовска
Елена Киранџиска
Гордана Нечовска

Хенрик Травник
Марија Башеска
Катја Велкова
Стефани Кулебанова
Теодора Костова
Ајла Зилкиќ
Бодан Темелковски
Трајана Стефковска
Ема Пауновска
Калија Хаџи Спасова
Дора Смилевска

Надица Трајковска
Бисера Анастасова
Марија Шукуроска
Симона Ристова
Стефанија Бошковска
Сања Јонческа
Бојана Мишковска
Јована Трајковска
Евгенија Сарова
Викторија Митрева
Искра Илиеска